РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3444/5

24-12-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3444/1 од 17.09.2021 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека не се потврдуваат сомневањата за прекршување на законските одредби во изборен процес, а по предметните наводи постапил друг надлежен орган и изрекол инспекциска мерка, согласно своите надлежности

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.09.2021 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања за време на изборната кампања Локални избори 2021 за што е оформен е предмет број 12-3444/1 од 17.09.2021 година. Наводите во пријавата се однесуваат на незаконотости во постапка за вработување спроведена во НУ Центар за култура „----- ---------" – -----, започната со конкурс за вработување на определено време кој бил објавен пред распишувањето на локалните избори, а кој со Решение на Центарот за култура од 12.08.2021 година бил ставен во мирување и Решението било јавно објавено на огласната табла на Центарот, а пријавените наводи за сомневање за незаконитости и прекршувања, се однесуваат на тоа дека иако предметната постапка за вработување била ставена во мирување, две лица кои биле предвидени за вработување со предметниот конкурс на работни места правник и книговодител, веќе оделе на работа и тоа веднаш по распишувањето на конкурсот и се уште ја извршувале работната обврска, па се прашува според кој закон тие лица оделе на работните места ако конкурсот бил стопиран.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до Националната установа, за доставување на податоци и информации со прилог документација по однос на пријавените наводи. По барањето на ДКСК, добиени се бараните информации со документација и од увидот во прибавената документација констатирано е следново:

- Во предметната установа биле распишани 2 огласи текот на месец Јули 2021 година ( оглас бр. 01/2021 и 02/2021). Во врска со првиот оглас кој се однесувал на избор на двајца кандидати, правник и сметководител, целокупната постапка била спроведена пред распишувањето на локалните избори 2021, поради постоење на пократки рокови кои биле определени во јавниот оглас. По вториот оглас, постапката била ставена во мирување поради постоење на подолги рокови и за истото веќе било донесено Решение за ставање во мирување, како и одлука за исправка на тоа решение поради настаната техничка грешка.

-На ден 26.11.2021 година до ДКСК е доставено писмено известување за понатамошно постапување, заведено под број 12-3444/4, со кое Државниот инспекторат за труд - ПЕ ---- известува за извршен вонреден надзор кај посочениот правен субјект НУЦК ----- ------- - -------, а кој надзор бил извршен по барање доставено од страна на вработени лица заведено под бр. --------- од 20.09.2021 година, со наводи кои се однесувале на неправилности во врска со распишаните огласи 01/2021 и 02/2021 година. При извршениот надзор, биле утврдени неправилносити кај работодавачот за кои инспекторатот, согласно своите надлежности изрекол инспекциска мерка за отстранување на истите, со даден рок. Имено, во конкретниот случај, од страна на

државните инспектори за труд, било констатирано прекршување на забраните утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик односно, сторена повреда на чл, 8-а ст.1 ал.4 од Изборниот Законик на Р.С.Македонија - „Работодавачот, пред истекот на последниот ден од рокот во Огласот за пријавување на кандидати, на ден 06.08.2021 година, донел Одлука за избор на кандидати по Јавниот оглас бр 01/2021, и склучил Договори за вработување, со избраните кандидати и ги пријавил во задолжително социјално осигурување на последниот ден од рокот за пријавување на кандидати - на ден 06.08.2021 година, а со датум на засновање на работниот однос за работно место - Советник за административни, правни и општи работи со датум на засновање на работниот однос на ден 24.08.2021 година, и за работно место Советник главен сметководител со датум на засновање на работниот однос на ден 07.08.2021 година, со што сторил повреда на чл 8-а ст 1 ал 4 од Изборниот Законик на РС Македонија. ".

- Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, донесено е од Претседателот на Собранието на РСМ на ден 06 август 2021 година, истото е потпишано во попладневните часови т.е. во 17,00 часот и објавено е во ,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 185/2021 од 06.08.2021 година, по што од тој ден почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија. Ова значи дека на 06.08.2021 година е донесен актот за распишување на изборите и датумот 06.08.2021 година се смета за ден на распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на Градот Скопје, за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје - локални избори 2021, а почнувајќи од 6-ти август 2021 година започнат е и изборниот процес, (*согласно Поимникот од Изборниот законик ( член 2 точка 21), каде е дефиниран овој поим - „Изборен процес" е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот*.")

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека:

- По однос на наводите во предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган, бил извршен вонреден инспекциски надзор во кој биле утврдени неправилносити кај работодавачот за кои инспекторатот, согласно своите надлежности изрекол инспекциска мерка за отстранување на истите, со даден рок.
- По однос на прекршувањето на забраните утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, костатирано од Државниот инспекторат за труд, по однос на актите кои биле донесени и потпишани од страна на работодавачот НУЦК на ден 06.08.2021 година односно, на истиот ден/датум кога е донесен и актот за распишување на локалните избори 2021, самиот чин на донесувањето на актите не може да се смета за прекршување на законските одредби во изборен процес односно, за повреда на одредбите од Изборниот законик, конкретно на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик, од причина што актот за распишување на изборите, решението, е потпишано од Претседателот на Собранието на РСМ на истиот ден 06.08.2021 година ама во попладневните часови т.е. точно во 17,00 часот, по што истото е објавено во Службен весник на РСМ и оттогаш почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и започнат е изборниот процес за локалните избори 2021. Воедно, треба да се има во предвид и дека предметните акти биле донесени во текот на работното време на работодавачот тој ден, што значи дека истите биле донесени пред започнувањето на изборниот процес односно, пред времето од донесувањето на актот за распишување на локалните избори 2021.

Од утврдената фактичка состојба за предметниот случај произлегува дека не се потврдуваат сомневањата за прекршување на законските одредби во изборен процес, по што ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Особрил: м-р Ш.С. член на ДКСК